РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 29-605/3
04.06 2025 год.
ПРОБИШТИП

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
*тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47*
***www.probistip.gov.mk***
*е-пошта: info@probistip.gov.mk*

## ИСПРАВКА НА ОБЈАВА број 50
## за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија
## по пат на електронско јавно наддавање во Општина Пробиштип

Врз основа на член 59 од Закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ 15/15,98/15,193/15,226/15,31/16,190/16 и Сл.Весник на РСМ 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25) и 97 од Законот за општата управна постапка (Службен Весник на Република Македонија бр. 124/2015), во Објавата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Репуплика Северна Македонија по пат на јавно наддавање во Општина Пробиштип, објавена во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" на ден 23.05.2025 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број.103/25 , комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање ги врши следните исправки:

- Наведениот технички број со датум во насловниот дел од објавата се менува и гласи Тех.бр.29-605/1 од 20.05.2025 година;
- во НАПОМЕНА за состојбата на инсталации на градежните парцели предмет на јавно надавање описот за ГП 9 и ГП 10 се менува и гласи:
  На ГП 9 во близина се наоѓа трафостаница во сопственост на ЕВН од која излегуваат подземни кабли за кои не е констатирано каде понатаму се поставени. Исто така во градежната парцела има поставено бандери и надземни кабли за кабелски оператор. На оваа градежна парцела се наоѓа бунар (ископан и странично подѕидан на ниво на терен и исполнет со вода, со дијаметар од 2,5 метри и претпоставена длабочина од 5-6 метри.
  На ГП 10 во близина се наоѓа трафостаница во сопственост на ЕВН од која излегуваат подземни кабли за кои не е констатирано каде понатаму се поставени. Исто така во градежната парцела има поставено бандери и надземни кабли за кабелски оператор.

Оваа исправка на Објавата ќе биде објавена и на WEB страната на Општина Пробиштип www.probistip.gov.mk, на WEB страната www.gradezno-zemjiste.mk, во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" и „Службен весник на Република Северна Македонија"

Комисија за спроведување на постапките за јавно наддавање

Наталија Павлова Чанов-Претседател ________
Валентина Ангеловска –Член ________
Анкица Геновска-Член ________